НАЦРТ

Врз основа член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија” бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21,255/2024, 101/2025) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21)

Советот на Општина Велес на 3-та седница одржана на ден _.11.2025 година ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А
## ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО 2026 ГОДИНА

### I. СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Програмата на Општина Велес за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти, заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

### II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на Програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, како и чистење на снегот и мразот во зимски услови.

Со оваа програма:

- Се утврдува територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти;
- Се утврдуваат основните начини на вршење на работите за одржување на јавната чистота;
- Се утврдува надзор во спроведувањето;
- Се утврдува начинот на финансирање.

### III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес ќе ги опфати: јавните површини (улици, тротоари, пристапни патишта, плоштади и уредени отворени простори, крајбрежја, подвозници, надвозници, мостови, паркинг простори, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, видиковци, автобуски стојалишта и такси станици, гробишта, јавни санитарни јазли и пазари).

Одржувањето на јавната чистота во парковските површини и градското зеленило не е дел од оваа Програма, туку дел од Програмата за одржување на јавното зеленило.

Во спроведувањето на Програмата се изведуваат следните активности:

- рачно и машинско метење на јавните површини,
- миење на јавните површини со цистерна,
- собирање и транспортирање на отпадот од одржување на јавната чистота и негово транспортирање на општинската комунална депонија,
- рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови и
- вонредно одржување.

Согласно Програмата ќе се врши метење на: улици, паркинг простори, плоштади, мостови, видиковци, надвозници и подвозници, пристапни патишта кон градот, јавни скалила кои поврзуваат две улици, крајбрежја, јавни санитарни јазли, пазари и гробишта, автобуски

стојалишта и такси станици; миење на улици и паркинг простори; рачно чистење на снег и мраз во зимски услови; со вкупна ефективна површина на одржување од **15.718.192 м²**.

## IV. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за одржување на јавната чистота ќе ја изведува ЈКП “Дервен”, преку Сектор Комунална хигиена.

## V. АКТИВНОСТИ

При утврдување на јавните површини кои ќе се одржуваат со оваа Програма земени се во предвид: густината на населеност, фреквенцијата на граѓани и сообраќај, социјалните, културните и воспитно-образовните објекти.

## VI. ДИНАМИКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

### VI.1. МЕТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

1. МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ

А. Метење на улиците секој ден
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици дополнително од 18.00-21.00 часот.

| УЛИЦА | ОПИС | ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење (м²) | ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење (м²) |
|---|---|---|---|
| 8-ми Септември | од Пошта до Стар мост | 1300 | / |
| 8-ми Септември | Од левата страна тротоар од јавор С`рмаале до Стар мост | / | 2100 |
| Страшо Пинџур | / | 100 | 200 |
| Гоце Делчев | / | 200 | 300 |
| Благој Ѓорев | од Пошта до магацин Дервен, плато пред театар и пред кафетерии пред касарната од двете страни на улицата | 2200 | 6435 |
| **Вкупно** | | **3800** | **9035** |

Б. Метење на улиците секој ден освен во недела
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.
Метењето на ул. Петре Прличко и Димитар Влахов во пазарни денови (вторник, петок и недела) започнува од 12.00 – 19.00 часот.

| УЛИЦА | ОПИС | ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење (м²) | ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење (м²) |
|---|---|---|---|
| Алексо Демниевски | од Пошта до Жито Вардар | / | 800 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Илинденска | до мост Гемиџии | 300 | / |
| Петре Прличко | од Стар мост до пред Агенција за вработување | 713 | / |
| Димитар Влахов | од Градски пазар до Железен мост | 1450 | 1450 |
| Панко Брашнар | / | / | 360 |
| Комплекс УЗУС | / | 700 | / |
| **Вкупно** | | **3163** | **2610** |

В. Метење на улиците три пати седмично
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.
Метењето на ул. Нада Бутникошарова и на ул. 11 Октомври во пазарни денови (вторник, петок и недела) започнува од 12.00 – 19.00 часот.

| **УЛИЦА** | **ОПИС** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** **рачно метење ($м^2$)** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** **машинско метење ($м^2$)** |
|---|---|---|---|
| Борис Трајковски | од спој со ул. АСНОМ до спој со ул. Благој Ѓорев | / | 1400 |
| Христо Татарчев | / | 800 | / |
| Никола Карев | / | 700 | / |
| Наум Наумовски Борче | од спој со ул. Алексо Демниевски до спој со ул. Благој Ѓорев | / | 400 |
| Нада Бутникошарова | дел | 300 | / |
| 11 Октомври | Од пазарче во Нова населба до пред споменик Бауман | 1000 | 1000 |
| **Вкупно** | | **2800** | **2800** |

Г. Метење на улиците два пати седмично
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

| **УЛИЦА** | **ОПИС** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** **рачно метење ($м^2$)** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** **машинско метење ($м^2$)** |
|---|---|---|---|
| Лазо Осмаков и дел | Љубљанска со нов | 2875 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| од Љубљанска | паркинг простор од спој со ул. Рилски конгрес до раскрсница со ул. Благој Ѓорев | | |
| Архиепископ Михаил | / | 1000 | / |
| Браќа Капчеви со плоштадка и паркинг | / | 500 | / |
| Коле Цветков | / | 2500 | |
| **Вкупно** | | **6875** | **/** |

Д. Метење на улиците еднаш седмично
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

| УЛИЦА | ОПИС | ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење (м$^2$) | ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење (м$^2$) |
|---|---|---|---|
| Самоборска | / | / | 450 |
| Кумановска | / | / | 600 |
| Коле Неделковски | / | 200 | / |
| 8-ми Март | Од Интернат до спој со ул. Андон Шурков | 1864 | / |
| **Вкупно** | | **2064** | **1050** |

Ѓ. Метење на улици еднаш месечно
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

| УЛИЦА | ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење (м$^2$) | ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење (м$^2$) |
|---|---|---|
| Вардарска | / | 1700 |
| Цар Самоил | 240 | / |
| Тодор Христов Офицерчето | / | 600 |
| Крсте Мисирков | / | 400 |
| Георги Војтех | 250 | / |
| Оливер Китановски | / | 400 |
| Костурска | / | 870 |
| 8ма Велешка бригада | / | 300 |
| Тодор Јанев | / | 400 |
| Орце Мартинов (од ул. Благој Ѓорев до спој со ул. Самоборска) | 700 | / |
| Васил Главинов | / | 900 |
| Индустриска | / | 1200 |
| Ѓоре Органџиев | 1000 | / |

| | | |
|---|---|---|
| (од Стар Мост до спој со ул. Никола Оровчанец) | | |
| 9ти Ноември | 500 | / |
| Кочо Рацин | 200 | / |
| Белградска | / | 1500 |
| Луј Пастер | / | 1000 |
| Јован Алабаков | 150 | / |
| Вера Цирвивири (од спој со ул. Димитар Влахов со спој со ул. Киро Рогужаров) | 3200 | / |
| Киро Димов (Витамин) | 600 | / |
| Славко Ѓорѓиев Сватот | 1100 | / |
| Васа Кошулчева (спој од ул. АСНОМ до ул. Алексо Демниевски) | 1500 | / |
| Павел Шатев | / | 1500 |
| Алексо Демниевски (од влез на Новиот театар со спој со ул. Алексо Демниевски) | 1246 | / |
| Бане Андреев Ронката | / | 600 |
| Љубен Весов | 800 | / |
| Христо Узунов | 250 | / |
| Киро Ќучук (од спој со Белградска до спој со Васил Главинов) | / | 400 |
| Жифко Фирфов | / | 4500 |
| Орце Шутев и ул.Јовче Чучук до спој со ул.Богдан Каракостев | 1100 | / |
| **Вкупно** | **12836** | **16270** |

Е. Метење на улици два пати месечно
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

| **УЛИЦА** | **ОПИС** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** рачно метење (м$^2$) | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** машинско метење (м$^2$) |
|---|---|---|---|
| Никола Оровчанец | / | 1000 | / |
| Методија Андонов Ченто | / | / | 1700 |
| Димко Најдов | од Стар мост до видиковец (вклучува и чистење на канал од десната страна на улицата) | / | 1000 |
| Алексо | од Жито Вардар | / | 1100 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Демниевски | до Железничка станица | | |
| Васил Ѓоргов | од раскрсница кон болница до Којник | 900 | / |
| АСНОМ | (до надвозник на ул. Андон Шурков) | / | 1600 |
| | | | |
| Кирил и Методиј | од ООУ Кирил и Методиј до црква Св. Пантелејмон | 500 | / |
| Шефки Сали | | 300 | / |
| Петре Прличко | Од Агенција за вработување до поранешен Пензионерски дом со скалила кон амбуланта Панче Васков | 577 | / |
| ЈХК Џинот | / | 300 | / |
| Прохор Пчински | / | 500 | / |
| Благој Ѓорев (зад БОС) | / | 1300 | / |
| **Вкупно** | | **5377** | **5400** |

Ж. Метење на улици четири пати годишно
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

| **УЛИЦА** | **ОПИС** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** рачно метење ($м^2$) | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** машинско метење ($м^2$) |
|---|---|---|---|
| АСНОМ | од надвозник до МХК Злетово | / | 6000 |
| Димче Мирчев | Од Ликовен салон до крај на гаражи | 742 | / |
| Индустриска зона (новопроектирана 1 и новопроектирана 10) | / | / | 810 |
| Пајак Планина | / | 2100 | / |
| Мирка Гинева | / | 1700 | / |
| Лазо Трпков | 1400 | 1400 | |
| Спој на ул.Алексо Демниевски и ул.Благој Ѓорев | Кај библиотека Бели Мугри | 215 | / |
| **Вкупно** | | **6157** | **6810** |

2. МЕТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ

| **ПАРКИНГ** | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА** рачно метење ($м^2$) |
|---|---|---|
| Паркинг до Основен суд | два пати седмично | 1500 |

| | | |
|---|---|---|
| Паркинг до Градски пазар (Пармак) | два пати седмично | 1300 |
| Паркинг до Саат кула | два пати седмично | 300 |
| Паркинг спроти касарна Алексо Демниевски Бауман | два пати седмично | 250 |
| Паркинг на ул. Оливер Китановски | два пати седмично | 250 |
| Паркинг спроти библиотека Бели мугри | два пати седмично | 750 |
| Паркинг на ул. Петре Прличко до Стар мост | два пати седмично | 250 |
| Паркинг на Градски пазар (горен дел) | два пати седмично | 450 |
| Паркинг на ул. Никола Карев | два пати седмично | 1250 |
| Паркинг заден двор на Гимназија Кочо Рацин | два пати седмично | 1250 |
| Паркинг пред мост на влез на р. Бабуна | четири пати годишно | 20 |
| Паркинг Христо Узунов | два пати месечно | 150 |
| Паркинг пред Железен мост | два пати месечно | 875 |
| Паркинг Ингилиз | два пати месечно | 800 |
| Паркинг Гламур | два пати месечно | 400 |
| Паркинг пред поранешен СИЗ на ул. Борис Трајковски | два пати месечно | 150 |
| Паркинг простор поранешен АТД | два пати месечно | 2669 |
| **Вкупно** | | **10345** |

3. МЕТЕЊЕ НА ПЛОШТАДИ И УРЕДЕНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ

| **ОПИС** | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење ($м^2$)** |
|---|---|---|
| Плоштад Сармаале | секој ден | опфатен со метење на ул. 8-ми Септември |
| Уреден простор пред Гимназија и пред Народен театар ЈХК Џинот | секој ден | опфатен со метење на ул. Благој Ѓорев |
| Плоштад Панко Брашнар | еднаш седмично | опфатен со метење на ул. Благој Ѓорев |
| Уреден простор Народна кујна | 6 пати седмично | 300 |

| | | |
|---|---|---|
| Плоштад Којник | три пати седмично | 450 |
| Простор кај Соколаана | еднаш седмично | 220 |
| Кеј горен дел | два пати седмично | 300 |
| Кеј долен дел | два пати седмично | 300 |
| Отворени простори околу згради и лулашки на ул. Лазо Осмаков | два пати месечно | 3190 |
| Петре Прличко (пристапи кон згради и театар) | два пати седмично | 2000 |
| Зад згради во Чешелот | еднаш седмично | 1200 |
| Уреден простор пред поликлиника УРЕД | два пати седмично | 136 |
| Отворен простор на ул. М.А.Ченто (над гаражи, влез во гаражи и пред зелена зграда) | четири пати годишно | 1284 |
| Отворен простор на ул. 11ти Октомври (над гаражи и влез во гаражи) | четири пати годишно | 1194 |
| Отворен простор кај Варналиите | еднаш месечно | 200 |
| **Вкупно** | | **10774** |

4. МЕТЕЊЕ НА ВИДИКОВЦИ
Метењето на видиковците ќе се врши еднаш месечно.

| **ОПИС** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење (м²)** |
|---|---|
| Видиковец на ул. Димко Најдов | 12 |
| Видиковец на ул. Никола Карев | 12 |
| Видиковец на ул. Рилски конгрес | 12 |
| Видиковец на ул. Браќа Капчеви | 100 |
| Видиковец на ул. Коле Цветков | 36 |
| Видиковец Христо Татарчев со околина | 36 |
| **Вкупно** | **208** |

5. МЕТЕЊЕ НА МОСТОВИ, ПОДВОЗНИЦИ И НАДВОЗНИЦИ

| **ОПИС** | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење (м²)** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење (м²)** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Стар мост | секој ден | / | 120 |
| Мост Гемиџии | три пати седмично | / | 200 |
| Мало мовче со галарија | два пати седмично | 200 | / |
| Железен мост | по потреба и по степен на загаденост | 300 | / |
| Подвозник ЈП Парк спорт | еднаш седмично | 75 | / |
| Надвозник Битолска пруга | по потреба и по степен на загаденост | 320 | / |
| Надвозник спој со ул. Кумановска со ул. М.А.Ченто | по потреба и по степен на загаденост | 320 | / |
| **Вкупно** | | **1215** | **320** |

6. ЧИСТЕЊЕ НА ПРИСТАПНИ ПАТИШТА И ПАТЕКИ

Чистењето ќе се извршува 2 пати во годината, освен на локацијата Пристапен пат кон Спомен Костурница кој ќе се чисти 6 (шест) пати годишно пред празнувањето на: Илинден, 8-ми Септември, 11-ти Октомври, 23-ти Октомври, 9-ти Ноември и Рацинови средби.

| **ОПИС** | **ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење (м$^2$)** |
|---|---|
| Влез во Велес од раскрсница Костурница до Железен мост | 1000 |
| Пристапен пат од раскрсница кон Спомен костурница, плато пред Костурница и скалила | 10112 |
| Влез во Велес од Ветекс | 2000 |
| Влез во Велес од манастир Свети Димитрија и генерално чистење за празник Балаклија | 1000 |
| Пристап од индустриска зона Речани до бензиска пумпа на Макпетрол | 3000 |
| Влез во Велес од автобуска постојка во Превалец до патот за филтерница | 2000 |
| Пат кон гробишта Раштани од фабрика Киро Ќучук до влез во гробишта | 3500 |

| | |
|---|---|
| **Вкупно** | **22612** |

7. ЧИСТЕЊЕ НА СКАЛИЛА КОИ ПОВРЗУВААТ ДВЕ УЛИЦИ

| ОПИС | ФРЕКВЕНЦИЈА | ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење ($м^2$) |
|---|---|---|
| Скалила кои ги поврзуваат ул. Илинденска и Петре Прличко | еднаш седмично | 40 |
| Скалила кои ги поврзуваат ул. Благој Ѓорев и Поликлиника УРЕД | еднаш седмично | 120 |
| Скалила кои ги поврзуваат ул. 8-ми Септември и ул. Архиепископ Михаил | еднаш месечно | 45 |
| Скалила кои ги поврзуваат ул. Васил Главинов и Благој Ѓорев | 2 пати месечно | 20 |
| Скалила кои ги поврзуваат ул. Борис Карпузов и Шефки Сали | 2 пати месечно | 120 |
| Скалила кон Којник | еднаш месечно | 15 |
| Скалила од ул.8 ми Септември (до саатчијата) до ул.Архиепископ Михаил | еднаш месечно | 88 |
| **Вкупно** | | **448** |

8. ЧИСТЕЊЕ НА КРАЈБРЕЖЈА

| ОПИС | ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД |
|---|---|
| Лев и десен брег на река Вардар од Железен мост до Стар мост | - јануари (Водици)<br>- април<br>- август<br>- октомври |
| Пристап кон Бабуна до Трети вир | - пред започнување на сезоната за капење (јуни)<br>- по завршување на сезона за капење (септември) |
| Дервенски поток (не го вклучува игралиштето) | - јуни<br>- август<br>- ноември<br>- април |

**Забелешка:** Доколку во текот на годината се појави потреба од метење на улица или јавна површина која не е дел од оваа Програма, а има неопходна потреба да биде изметена, метењето ќе се изврши во координација и со знаење на општината и ќе се заведе во дневниот извештај за спроведени активности. Финансирањето ќе се изврши како одржување по $м^2$ исчистена јавна површина.

9. ОДРЖУВАЊЕ НА РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ЕЗЕРО МЛАДОСТ

Одржувањето ќе се извршува секој ден, освен во среда, започнувајќи од **1-ви март до 31-ви октомври со ангажирање на 2 работници во прва смена** кои се должни да вршат чистење на:

| ОПИС | / |
|---|---|
| Парк на срцата | / |
| Мала и голема пешачка патека | / |
| Летниковци со корпи за отпадоци | / |
| Пристапни улици во викенд зона и зона за домување | / |
| Плажа 1 | / |
| Пристапен пат кон езерото | / |

Финансирањето е дел од оваа Програма, со доставување на месечни фактури за ангажирање на работниците, средства за одржување, гориво, ангажирање на механизација, заштитни средства и сл.).

10. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ
Од 08.00 – 20.00 часот од понеделник до сабота
Од 08.00 – 16.00 часот во недела
Одржувањето да се извршува согласно санитарно-хигиенските прописи.
Финансирањето е дел од оваа Програма, со доставување на месечни фактури.

| ОПИС | / |
|---|---|
| Санитарни јазли на ул. 8 ми Септември | / |
| Санитарни јазли на ул. Петре Прличко | / |

11. МЕТЕЊЕ НА ПАЗАРИ
Метењето на пазарите започнува од 14.00 часот во пазарни денови:
вторник, петок и недела.
Финансирањето не е дел од оваа Програма.

| ОПИС | ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА Рачно метење($м^2$) |
|---|---|
| Градски пазар | 3954 |
| Пазар во Нова населба | 1100 |

12. ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБИШТА

Одржувањето на гробиштата ќе се врши согласно Одлуката за управување и одржување на градските гробишта.

Генерално чистење на гробиштата ќе се спроведе една седмица пред верските празници Велики поклади (Прочка), Велигден, Задушница, Божиќ, Голема Богородица, Мала Богородица.

Финансирањето не е дел од оваа Програма.

13. МЕТЕЊЕ НА АВТОБУСКИ СТОЈАЛИШТА И ТАКСИ СТАНИЦИ

Метењето на стојалиштата и станиците е во рамките на одржувањето на улиците. Затоа овде е изоставена ефективната површина за метење.

Финансирањето е опфатено во ставката метење на улици.

| **АВТОБУСКИ СТОЈАЛИШТА** | **ТАКСИ СТАНИЦИ** |
|---|---|
| Долни дуќани | Вила Зора |
| Основен суд | Градски пазар 1 |
| Спортска сала „Гемиџии“ | Градски пазар 2 |
| Жито Вардар | Автобуска станица |
| Надвозник на Битолска пруга | Малина |
| Споменик Алексо Д. Бауман | Долни дуќани |
| Касарна | Комплекс банки |
| Детска градинка клон 4 | Стоковна куќа |
| Комплекс згради Т2 (од двете страни на улицата) | Ликовен салон |
| Превалец | Народен музеј |
| Комплекс згради „Бисер“ | Македонски телекомуникации |
| Театар | АРМ |
| С’рмаале | Театар |
| Шорка | Ќоше |
| | Гимназија Кочо Рацин |
| | АГРИА |
| | Трговски центар |
| | Болница |
| | Железничка станица |
| | Општина |

14. ОДРЖУВАЊЕ НА СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА

Одржување на спомениците се врши согласно Програмата за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2026г. на спомен обележја кои се наоѓаат на јавна површина и во дворното место на урбаните и месните заедници.

Чистење на јавната површина околу спомен обележјето ќе се спроведе најдоцна еден ден пред датумот на обележувањето на настанот или личноста. Улиците и површините кои се предмет на редовно одржување нема да бидат посебно фактурирани заради одржаните настани.

Одржувањето на спомениците лоцирани во семејни објекти не се дел од оваа Програма.

За одржувањето на јавната чистота со утврдени локации од страна на Општина Велес ќе биде доставено писмено известување за локацијата и датумот на обележување на настанот, односно личноста.

Финансирањето не е дел од оваа Програма, туку е дел од Програмата на активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка за 2026г.

Улиците и површините кои се предмет на редовно одржување нема да бидат посебно фактурирани заради одржаните настани.

15. ОДРЖУВАЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

Одржувањето на површини при одржување на културни манифестации ќе се врши согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка за 2026г.

За утврдената локација на која ќе бидат обележани горенаведените настани и потребата од нејзино чистење дополнително ќе биде доставено посебно известување од страна на Општина Велес.

Метење/миење на просторот каде се одбележува манифестацијата и неговата околина ќе се спроведе најдоцна три часа пред одржувањето на манифестацијата.

ЈКП Дервен е должен да ги преземе сите неопходни мерки за одржување на нивото на јавната чистота на наведените локации пред, за време на одржување и веднаш по завршување на манифестацијата, да обезбеди пристоен изглед на градот за време на одржување на манифестациите, да внимава изнесувањето на отпадот да не се поклопи со термините на свеченоста, да се воспостави координација со раководителот на “Паркови и зеленило” заради одржувањето на хигиената на зелените површини.

Финансирањето ќе се изврши како редовно одржување, по $м^2$ исчистена јавна површина.

Ако одржувањето на јавната површина за време на одржувањето на манифестацијата отстапува неколку денови од временскиот распоред за редовно одржување, времето за одржување ќе се помести непосредно пред одржување на манифестацијата.

Доколку се потребни повторувања на операциите на метење/миење на јавните површини, тоа ќе се изврши при крајно неопходна потреба и ќе се евидентира во дневниот извештај, со посебна назнака за дополнителен број на повторувања на активностите.

Доколку обележувањето на настанот е во затворените простори-дворни површини на јавните објекти, обрската за одржување на просторот е на правното лице кое управува со објектот.

Дополнителни активности за одбележување на манифестацијата како транспорт на реквизити, опрема, средства и слично не се дел од оваа Програма.

| МАНИФЕСТАЦИЈА | ДАТУМ НА ОДРЖУВАЊЕ | ЛОКАЦИЈА И АКТИВНОСТИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| Настани на заедниците по значајни датуми | во текот на годината | -Перење на игралиштето и на улиците во Горно Оризари |
| Свети Кирил и Методиј - Ден на македонските просветители | 24 мај | -Ул. Алексо Демниевски и ул. Благој Ѓорев<br>-Пристапна уличка кон сала Бели мугри<br>-Ул. Архиепископ Михаил и дел од ул. Кирил и Методиј |
| Рацинови средби | 11-12 јуни | - Улици: Љубен Весов, Кочо Рацин, Архиепископ Михаил, Кирил и Методиј, пристапни улици кон куќите на Џинот, Касапови и Васил Главинов<br>- Спомен костурница –ул. Димитар Влахов, пристапен пат, плато и скалила кон костурницата,<br>- Плоштадки пред споменици на Рацин, споменици на Рацин<br>- Улици кои гравитираат кон Младинскиот парк<br>- Улици во централното градско подрачје |
| Интернационален фолклорен фестивал | јуни-јули | - Улици: Никола Карев, Христо Татарчев, Борис Трајковски, Благој Ѓорев, 8ми Септември, Гоце Делчев, Страшо Пинџур, Алексо Демниевски до Младински парк.<br>- Улици кои гравитираат кон ученичкиот дом |

| | | |
|---|---|---|
| | | „Лазар Лазаревски“ за сето време на одржување на фестивалските денови |
| Култура низ сите годишни времиња | Во текот на годината | - Улици кои гравитираат кон локацијата на манифестацијата |
| Чествување на Илинден | 2 август | - Комплетно одржување на чистотата на градот<br>-Приодот кон Спомен-костурницата и платото пред неа со скалилата |
| Денот на Свети вмч. Пантелејмон заштитникот на Велес | 9 Август | -Улиците и приодите до црквата Св. Пантелејмон<br>-Гробиштата во кругот на црквата |
| Денот на државноста | 8 Септември | - Комплетно одржување на чистотата на градот<br>-Приодот кон Спомен-костурницата и платото пред неа со скалилата |
| Денот на востанието на македонскиот народ | 11Октомври | - Комплетно одржување на чистотата на градот<br>-Приодот кон Спомен-костурницата и платото пред неа со скалилата |
| Денот на македонската револуционерна борба | 23 Октомври | - Комплетно одржување на чистотата на градот<br>-Приодот кон Спомен-костурницата и платото пред неа со скалилата |
| Фестивал на питите и виното | октомври | - Улици околу локацијата на одржување на фестивалот и самата локација |
| Денот на општината | 6-10 ноември | - Простор пред општинска зграда<br>- Улици во централното градско подрачје и Алексо Демниевски<br>- Простор пред Ликовен салон<br>- Пристапна уличка кон Бели мугри<br>-Приодот кон Спомен-костурницата и платото пред неа со скалилата |
| Детски рацинови средби | ноември | -Улици пред општинските училишта<br>- Улици во централното градско подрачје и Алексо Демниевски |
| Одбележување на Нова година – новогодишна свеченост | пред новогодишните празници | -Простор пред општинска зграда<br>-Улици во централното градско подрачје и Алексо Демниевски<br>- Простор пред Ликовен салон<br>- Пристапна уличка кон Бели мугри |
| Меѓународна скулпторска колонија | летен период | -Простор каде ќе се одржи манифестацијата (дополнително) и каде ќе се поставуваат новосоздадените дела |
| Непредвидени манифестации | / | / |

Забелешка: На сите наведени површини, ЈКП Дервен е должен:

- да врши отстранување на целокупниот отпад од површината, освен на оставен и напуштен шут од градење и рушење на јавна површина за што задолжително го известува овластениот комунален инспектор;

- задолжително да врши отстранување на некролозите, плакатите и постерите од уличните дрвја согласно член 15 од Одлуката за управување со зеленилото на територијата на Општина Велес, а на уличните столбови да врши нивно отстранување со датум постар од една седмица;

- да врши отстранување на мртви кучиња и мачки од непознато потекло од јавните површини согласно прописите за безбедно отстранување. Доколку се работи за труење во

исто време на поголем број скитници, ЈКП Дервен е должен да ги извести МВР-СВР Велес и надлежните инспекциски служби за затекнатата состојба.

**Собраниот отпад од метење и чистење на купови не смее да се остави на јавната површина и ЈКП Дервен е должен да го собере и отстрани од јавната површина истиот ден.**

### VI.2. МИЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

МИЕЊЕ НА УЛИЦИТЕ ВО СЕДМИЦАТА (ПРЕГЛЕД)

Миењето на улиците се извршува од 24.00-06.00 часот во период од 04 Април до 04 Ноември. Миењето нема да отпочне, односно се прекинува во утврдениот период, доколку прогнозите за ноќните температури се под 0°C.

| ДЕНОВИ | УЛИЦИ | $м^2$ |
|---|---|---|
| **Понеделник** | - “Благој Ѓорев” од почеток до ул.”Борис Трајковски” | 12100 |
| | - “8-ми Септември” | 10400 |
| | - “Алексо Демниевски”-од почеток до Пензионерски дом | 6050 |
| | - “Страшо Пинџур” | 1000 |
| | - “Гоце Делчев” | 2000 |
| | - “Илинденска” | 1500 |
| | - “Наум Наумовски Борче” и “Вардарска” до ЈКП Дервен | 3000 |
| | - Паркинг плац до Саат кула | 300 |
| **Вторник** | - “8-ми Септември” | 10400 |
| | - “Страшо Пинџур” | 1000 |
| | - “Гоце Делчев” | 2000 |
| | - “Илинденска” | 1500 |
| | - “Димитар Влахов” од железен мост до градски пазар | 17400 |
| | - “Петре Прличко” од Малина до крај | 6270 |
| **Среда** | - “8-ми Септември” | 10400 |
| | - “Страшо Пинџур” | 1000 |
| | - “Гоце Делчев” | 2000 |
| | - “Илинденска” | 1500 |
| | - “Борис Трајковски” | 8400 |
| | - “Христо Татарчев” | 4000 |
| | - “Никола Карев” | 2450 |
| | - “АСНОМ” | 5400 |
| | - “Методија Андонов Ченто” | 1400 |
| | - “Панко Брашнар | 1260 |
| **Четврток** | - “Благој Ѓорев” од почеток до ул.”Борис Трајковски” | 12100 |
| | - “8-ми Септември” | 10400 |
| | - “Алексо Демниевски”-од почеток до Пензионерски дом | 6050 |
| | - “Страшо Пинџур” | 1000 |
| | - “Гоце Делчев” | 2000 |
| | - “Илинденска” | 1500 |
| | - “Наум Наумовски Борче” и “Вардарска” до ЈКП Дервен | 3000 |
| | - Паркинг плац до Саат кула | 300 |
| **Петок** | - “8-ми Септември” | 10400 |
| | - “Страшо Пинџур” | 1000 |
| | - “Гоце Делчев” | 2000 |
| | - “Илинденска” | 1500 |
| | - “Димитар Влахов” од Железен мост до Градски пазар | 17400 |
| | - “Петре Прличко” од Малина до крај | 6270 |

| | | |
|---|---|---|
| **Недела** | - “8-ми Септември”<br>- “Страшо Пинџур”<br>- “Гоце Делчев”<br>- “Илинденска”<br>- “Благој Ѓорев” од почеток до патот кон филтерница | 10400<br>1000<br>2000<br>1500<br>24200 |
| | **Вкупно** | **226750** |

Миењето на улиците во табелата подолу се извршува навечер од 22.00-24.00 часот.

**МИЕЊЕ НА УЛИЦИ ЕДНАШ СЕДМИЧНО**

| ДЕНОВИ | УЛИЦИ | м$^2$ |
|---|---|---|
| | Лазо Осмаков<br>Оливер Китановски<br>Кумановска<br>11ти Октомври<br>Павел Шатев<br>Белградска<br>Киро Ќучук<br>Тодор Јанев<br>Васил Ѓоргов<br>Браќа Капчеви<br>Самоборска<br>Димко Најдов<br>Архиепископ Михаил<br>АСНОМ до Топилницата | 1600<br>400<br>600<br>250<br>1500<br>9000<br>4000<br>1200<br>4200<br>800<br>1800<br>1000<br>1000<br>6000 |
| | **Вкупно** | **33350** |

Миењето на улиците во табелите подолу се извршува навечер од 22.00-24.00 часот, освен улиците во Горно Оризари и Превалец и улиците во населените места кои се мијат дење.

**МИЕЊЕ НА УЛИЦИ ДВА ПАТИ МЕСЕЧНО**

| ДЕНОВИ | УЛИЦИ | м$^2$ |
|---|---|---|
| **Прва и трета недела во месецот** | Превалец ул. Ристо Попов<br>Васил Главинов<br>Луј Пастер | 4000<br>4200<br>6000 |
| | **Вкупно** | **14200** |

**МИЕЊЕ НА УЛИЦИ ЕДНАШ МЕСЕЧНО**

| УЛИЦИ | м$^2$ |
|---|---|
| Индустриска | 10000 |

| | |
|---|---|
| 8ма Велешка бригада | 1200 |
| Костурска | 4000 |
| Мирка Гинева | 1800 |
| Комплекс УЗУС | 3850 |
| Вкупно: | **20850** |

**Забелешка:** Доколку во текот на годината се појави потреба од миење на улица или јавна површина која не е дел од оваа Програма, а има неопходна потреба да биде измиена, миењето ќе се изврши во координација и со знаење на општината и ќе се заведе во дневниот извештај за спроведени активности. Финансирањето ќе се изврши како одржување по $м^2$ измиена јавна површина.

**МИЕЊЕ НА УЛИЦИ ВО СЕЛАТА**

| **УЛИЦИ** | **ДИНАМИКА** |
|---|---|
| с.Горно Оризари | во период на миење на улиците секој втор месец |
| с. Клуковец | во период на миење на улиците секој втор месец |
| с. Мамутчево | во период на миење на улиците секој втор месец |
| с. Караслари | во период на миење на улиците секој втор месец |
| с. Башино село | во период на миење на улиците секој втор месец |
| с. Бузалково | во период на миење на улиците секој втор месец |
| С.Сливник | во период на миење на улиците секој втор месец |
| с. Раштани | во период на миење на улиците секој втор месец |
| с. Чалошево | во период на миење на улиците секој втор месец |
| с. Црквино | во период на миење на улиците секој втор месец |
| с. Сујаклари | во период на миење на улиците секој втор месец |
| с. Иванковци | во период на миење на улиците секој втор месец |
| с. Отовица | во период на миење на улиците секој втор месец |

Забелешка: Миењето на селата ќе се врши како вонредно одржување.

### VI.3. ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГ И МРАЗ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

Во зимскиот период доколку паѓа снег, наместо ставка VI.1 од оваа Програма, изведувачот е должен да го чисти снегот и мразот од улиците и тротоарите опишани во табелата подолу согласно Програмата за одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес во зимски услови.

Индустриска сол набавува општината.
Активностите опфаќаат чистење на снегот и мразот од:

| УЛИЦА | ОПИС | км |
|---|---|---|
| ЈХК Џинот | До спојот со ул Прохор Пчински | 0,40 |
| Прохор Пчински | / | 0,50 |
| Архиепископ Михаил | / | 0,90 |
| Кирил и Методиј | / | 0,50 |
| Илинденска | Само тротоари на мост Гемиџии | / |
| 8-ми Септември | Тротоарот на левата страна<br>- од Сармаале до Стоковна куќа<br>- од Стопанска банка до Стар мост и Стар мост | 0,80 |
| Благој Ѓорев | Тротоарот на левата страна<br>- од Пошта до спој на ул. Шефки Сали<br>- од ул. Љубљанска до влезот на Касарната Алексо Демниевски<br>Тротоарот на десната страна<br>- од Домот на АРМ до влезот на Касарната Алексо Демниевски | 2,20 |
| Алексо Демниевски | Тротоарот од двете страни<br>- од почетокот до зградата на Општина Велес | 1,10 |
| Мало мовче | / | 0,07 |
| Пешачки надвозник на битолска пруга | / | 0,04 |

Покрај горенаведените активности изведувачот на Програмата е должен:
- да врши расчистување од снег на пристапите до контејнерите за отпад и околу нив;
- да ги расчистува пешачките зони, тротоарите и пешачките пристапи до објектите кои се од витално значење, како и други јавни површини.

## VII. ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД НА ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ (СЕДМИЧНО)

| УЛИЦА | ОПИС | ДЕНОВИ ВО СЕДМИЦАТА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пон. | Втор. | Среда | Четв. | Петок | Саб. | Нед. |
| 8-ми Септември | од Пошта до Стар мост | x | x | x | x | x | x | x |
| 8-ми Септември | Од левата страна тротоар од јавор С`рмаале до | x | x | x | x | x | x | x |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Стар мост | | | | | | | |
| Страшо Пинџур | / | x | x | x | x | x | x | x |
| Гоце Делчев | / | x | x | x | x | x | x | x |
| Благој Ѓорев | од Пошта до пред касарната | x | x | x | x | x | x | x |
| Благој Ѓорев | од Пошта до магацин Дервен, плато пред театар и кафетерии | x | x | x | x | x | x | x |
| Алексо Демниевски | од Пошта до Жито Вардар | x | x | x | x | x | x | |
| Илинденска | до мост Гемиџии | x | x | x | x | x | x | |
| Петре Прличко | од Стар мост до пред Агенција за вработување | | x | x | x | x | x | x |
| Димитар Влахов | од Градски пазар до Железен мост | | x | x | x | x | x | x |
| Панко Брашнар | / | x | x | x | x | x | x | |
| Комплекс УЗУС | со дел од ул. Индустриска, од ул. АСНОМ до раскрсница со БРАКО | x | x | x | x | x | x | |
| Борис Трајковски | од спој со ул. Алексо Демниевски до спој со ул. АСНОМ | x | | x | | x | | |
| Христо Татарчев | / | | x | | x | | x | |
| Никола Карев | / | | x | | x | | x | |
| Наум Наумовски Борче | од спој со ул. Алексо Демниевски до спој со ул. Благој Ѓорев | x | | x | | x | | |
| Нада Бутникошарова | / | | x | | | x | | x |
| 11 Октомври | од Пазарче во Нова населба до споменик Бауман | | x | | | x | | x |
| Лазо Осмаков и дел од Љубљанска | Љубљанска од спој со ул. Рилски конгрес до раскрсница со ул. Благој Ѓорев | | x | | | x | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Браќа Капчеви со плоштадка и паркинг | / | | | x | | | x | |
| Архиепископ Михаил | / | x | | | x | | | |
| Благој Ѓорев | Од касарна до магацин Дервен | x | | | x | | | |
| Самоборска | / | | | x | | | | |
| Кумановска | / | | | | x | | | |
| Коле Неделковски | / | | | | x | | | |
| Благој Ѓорев | од касарна Бауман до раскрсница со филтерна | | | | | x | | |
| Петре Прличко | Од Агенција за вработување до поранешен Пензионерски дом со скалила кон амбуланта Панче Васков | | | | | x | | |
| 8ми Март | / | | | | x | | | |

**IX. ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД НА ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ, ПЛОШТАДИ, НАДВОЗНИЦИ И ПОДВОЗНИЦИ, ПРИСТАПНИ ПАТИШТА, СКАЛИЛА КОИ ПОВРЗУВААТ ДВЕ УЛИЦИ**

| ОПИС | ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД |
|---|---|
| Паркинг до Основен суд | понеделник и четврток |
| Паркинг до Градски пазар (Пармак) | понеделник и сабота |
| Паркинг до Саат кула | понеделник и четврток |
| Паркинг спроти касарна Алексо Демниевски Бауман | среда и сабота |
| Паркинг на Оливер Китановски | понеделник и петок |
| Паркинг спроти библиотека Бели мугри | понеделник и четврток |
| Паркинг на ул. Петре Прличко до Стар мост | среда и сабота |
| Паркинг на Градски пазар (горен дел) | понеделник и сабота |
| Паркинг на ул. Никола Карев | среда и сабота |
| Паркинг заден двор на Гимназија Кочо Рацин | вторник и петок |
| Паркинг пред мост на влез во река Бабуна | четири пати годишно |
| Паркинг Христо Узунов | околу 01 и 15ти во месецот |
| Паркинг пред Железен мост | околу 01 и 15ти во месецот |
| Паркинг Ингилиз | околу 01 и 15ти во месецот |

| | |
|---|---|
| Паркинг Гламур | околу 01 и 15ти во месецот |
| Паркинг пред поранешен СИЗ на ул. Борис Трајковски | околу 01 и 15ти во месецот |
| Плоштад Сармаале | секој ден |
| Уреден простор  Гимназија и народен театар ЈХК Џинот | секој ден |
| Плоштад<br>Панко Брашнар | понеделник |
| Уреден простор<br>Народна кујна | од понеделник до сабота |
| Плоштад<br>Којник | понеделник, среда и сабота |
| Простор кај Соколаана | вторник |
| Кеј горен дел | понеделник и четврток |
| Кеј долен дел | околу 01 и 15ти во месецот |
| Отворени простори пред згради и лулашки на ул. Лазо Осмаков | околу 01 и 15ти во месецот |
| Петре Прличко (пристапи кон згради и театар | среда и сабота |
| Зад згради во Чешелот | втора декада во месецот |
| Уреден простор пред поликлиника УРЕД | понеделник и четврток |
| Отворен простор М.А.Ченто | четири пати годишно по степен на загаденост |
| Отворен простор 11ти Октомври | четири пати годишно по степен на загаденост |
| Стар мост | секој ден |
| Мост Гемиџии | понеделник, четврток и сабота |
| Влез во Велес<br>од Штипско џаде<br>од Костурница до Железен мост | септември и мај |
| Влез во Велес<br>од Ветекс | октомври и јуни |
| Влез во Велес<br>од манастир Свети Димитрија со генерално чистење за празник Балаклија | април и ноември |
| Пристап од индустриска зона Речани до бензиска пумпа на Макпетрол | април и септември |
| Влез во Велес од автобуска постојка во Превалец до патот за филтерница | март и октомври |
| Пат кон гробишта Раштани од фабриката Киро Ќучук до влез во гробишта | октомври и јуни |
| Скалила кои ги поврзуваат ул. Илинденска и Петре Прличко | секоја среда |
| Скалила кои ги поврзуваат ул. Благој Ѓорев и Поликлиника УРЕД | вторник |
| Скалила кои ги поврзуваат ул. 8-ми Септември и Архиепископ Михаил | во втората декада од месецот |
| Скалила кои ги поврзуваат ул. Васил Главинов и Благој Ѓорев | секој први и петнаесетти<br>во месецот |

| | |
|---|---|
| Скалила кои ги поврзуваат ул. Борис Карпузов и Шефки Сали | секој десетти и трисетти во месецот |
| Скалила кон Којник | втора декада од месецот |

## X. ВОНРЕДНО ОДРЖУВАЊЕ

Вонредното одржување ќе опфати:

- метење и перење на улиците при големи поројни дождови,
- метење и перење на игралишта, вклучително и на игралиштето во Дервенскиот поток,
- метење и перење на јавни површини во селата наведени во оваа Програма,
- метење и перење на јавни површини од создаден отпад од непознат сторител,
- метење и перење на јавни површини од незгоди и несреќи и при загадување на воздухот,
- метење и перење при одржување на спортски и културни манифестации на непредвидени локации во оваа програма, а организирани или поддржани од општината,
- отстранување на мртов крупен добиток на јавни површини од непознато потекло,
- Чистење на диви депонии (измешан отпад),
- отстранување на урбана опрема и подвижни предмети поставени на јавна површина,
- отстранување на габаритен отпад оставен на јавна површина, од непознато потекло и сторител.

Извршување на работните активности од страна на ЈКП Дервен ќе се врши по доставување на работен налог од Општина Велес или по решение од Надлежен орган. Доколку се работи за итно и неодложно одржување при непредвидени состојби, особено во попладневните и ноќните часови (порои, поплави, незгоди, несреќи и сл.), извршување на работните активности ќе се врши со давање на устен налог за извршување од Општина Велес и отворање на работен налог со дневен извештај од страна на ЈКП Дервен. Писмен налог од Општина Велес ќе се изготви првиот работен ден.

Финансирањето ќе биде дел од оваа Програма, со задолжување преку доставување на фактура, по цени утврдени од Советот на Општина Велес за извршени услуги према правни и физички лица, за вонредно ангажирање на механизација (ровокопач, трактори, цистерни и сл.).
**Забелешка:** Планираните работни операции во Програмата можат да бидат зголемени или намалени за сметка на други работни операции согласно Програмата, во зависност од потребите на теренот во тековната година, а во договор и со знаење на општината.

## XI. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

| СТАВКА | ВКУПНА СУМА/ДЕНАРИ |
|---|---:|
| Метење на јавни површини | **8.564.353,00** |
| Миење на јавни површини | **5.527.223,00** |
| Вонредно одржување | **1.100.000,00** |
| Одржување на 2 санитарни јазли | **1.000.000,00** |
| Одржување на рекреативен центар Езеро Младост | **500.000,00** |
| Исплата на заостанат долг (неплатени фактури) | **0,00** |
| **ВКУПНО:** | **16.691.576,00** |

Одржувањето на јавната чистота ќе се пресметува по утврдени цени за метење, миење и чистење на снег и мраз на јавни површини, за кои е дадена согласност од Советот на Општина Велес.

За финансирање на овие ставки од Програмата, Општина Велес ќе склучи договор со ЈКП Дервен, кој ќе врши месечно задолжување со доставување на фактура.

Активностите утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота, а кои се приход во Буџетот на Општина Велес.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надзор над спроведување на оваа Оперативна програма врши Одделението за заштита на животната средина. Инспекциски надзор над спроведувањето на Оперативната програма врши општинскиот комунален инспектор.

За спроведените активности на терен, изведувачот ќе биде задолжен до Општина Велес да доставува работен налог со дневен извештај, месечни извештаи за извршената работа. Најдоцна до 01.03.2027 год. ЈКП Дервен е должен да достави Годишен извештај за реализација на програмата за 2026 год. до Градоначалникот и Советот на Општина Велес.

ЈКП Дервен е должен Дневниот извештај за извршена работа во електронска форма да го достави до општинскиот комунален инспектор и стручниот соработник за заштита на животната средина во општината најдоцна до 12.00 часот, за активности извршени во текот на денот - за работни денови. За извршените активности во недела, дневниот извештај во електронска форма да се достави во понеделник, најдоцна до 10.00 часот.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде ставена на јавна расправа.

Претседател<br>
на Советот на Општина Велес<br>
Даниел Јаневски с.р.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Програмата за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес согласно Законот за јавна чистота се фокусира на одржувањето на јавната чистота во три сегменти: рачно и машинско метење, миење на јавните површини и рачно чистење на снег и мраз во зимски услови.

Во Програмата е даден приоритет на површините кои ќе ги одржува изведувачот на програмата (ЈКП Дервен) според густината на населеност, фреквенција на граѓани и сообраќај, постоење на социјални, културни и воспитно-образовни објекти.

Во Програмата доминира машинското метење во однос на рачното, со воведување на полна оперативност на возилото за машинско метење во две смени, заради пониската цена на машинското метење и поголема ефикасност во работата (третирање на поголема површина за пократко време).

За реализација на оваа Програма потребни се **16.691.576,00** денари.